УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# YEARBOOK

ГОДИНА 13 VOLUME XIII

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF LAW

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## 2023

# YEARBOOK

## 2023

ГОДИНА 13

VOLUME XIII

**GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP**
**FACULTY OF LAW**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**YEARBOOK**
**FACULTY OF LAW**

**За издавачот**
Проф. д-р Олга Кошевалиска
For the publisher:
Assoc. prof. Olga Koshevaliska, Ph.D

| | |
|---|---|
| **Издавачки совет** | **Editorial board** |
| Проф. д-р Дејан Мираковски | Prof. Dejan Mirakovski, Ph.D. |
| Проф. д-р Лилјана Колева Гудева | Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D. |
| Проф. д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| | |
| **Меѓународен програмски комитет** | **International Editorial board** |
| Проф. Џорџа Бевилаква, Универзитет на Кампаниа „Луиџи Ванвители“ (Италија) | Prof. Giorgia Bevilacqua, Università di Campania ‘Luigi Vanvitelli’ (Italy) |
| Проф. Олга Кошевалиска, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Р. Македонија) | Prof. Olga Koshevaliska, University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Габриела Оанта, Универзитет „А Коруња“ (Шпанија) | Prof. Gabriela Oanta, Universita A Coruña (Spain) |
| Проф. Јован Ананиев, Универзитет „Гоце Деlчев“ – Штип (Р. Македонија) | Prof. Jovan Ananiev, University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Маја Савич Бојанич, Универзитетска Сараевска школа за наука и технологија (Босна и Херцеговина) | Prof. Maja Savić Bojanić, Sarajevo School of Science and Techology (Bosnia and Herzegovina) |
| Проф. Елена Максимова, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Р. Македонија) | Prof. Elena Maksimova, University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Кјара Нери, Универзитет „Жан Мулен Лион 3“ (Франција) | Prof. Kiara Neri, Universitè Jean Moulin Lyon 3 (France) |
| Проф. Јадранка Денкова, Универитет „Гоце Делчев“ – Штип (Р. Македонија) | Prof. Jadranka Denkova, University Goce Delcev – Stip (R. Macedonia) |
| Проф. Аленка Верболе, Меѓународен Универзитет Шилер (Соединети Американски држави) | Prof. Alenka Verbole, Schiller International University (United States of America) |
| Проф. Габриела Белова – Ганева, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ (Бугарија) | Prof. Gabriela Belova – Ganeva, South-West University ‘Neofit Rilski’ (Bulgaria) |
| | |
| **Редакциски одбор** | **Editorial staff** |
| Проф. д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Проф. д-р  Ана Никодиновска Крстевска | Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D. |
| Проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ | Prof. Borka Tuševska Gavrilovikj, Ph. D |
| | |
| **Главен уредник** | **Managing  editor** |
| Проф. д-р Олга Кошевалиска | Assoc. prof. Olga Koshevaliska, Ph.D |
| | |
| **Одговорен уредник** | **Editor in chief** |
| Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| | |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Слаѓан Спасовски (македонски јазик) | Slagjan Spasovski (Macedonian) |
| | |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Благој Михов | Blagoj Mihov |

| | |
|---|---|
| **Редакција и администрација** | **Address of the editorial office** |
| Универзитет „Гоце Делчев“-Штип | Goce Delcev University – Stip |
| Правен факултет | Faculty of Law |
| ул. „Крсте Мисирков“ 10-А | Krste Misirkov 10-A., |
| п. фах 201, 2000 Штип | PO box 201, 2000 Štip, |
| Р. Македонија | R. of Macedonia |

**СОДРЖИНА**

**ЕПИФЕНОМЕНОЛОШКО РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ СОБРАНИЕ, ПАРЛАМЕНТ И КОНГРЕС НИЗ ПРИЗМА НА НИВНИТА РАЗНОЗНАЧНОСТ**
АМБАРКОВ Никола ........................................ 1

**ЈУСТИНИЈАНОВИТЕ „ИНСТИТУЦИИ“ – ПРВИОТ ВИЗАНТИСКИ ПРАВЕН УЧЕБНИК СО ЗАКОНСКА СИЛА**
АПАСИЕВ Димитар ........................................ 11

**ДАЛИ РИМСКИОТ ДОГОВОР ЗА ОРТАКЛАК (*SOCIETAS*) ЖИВЕЕ ВО ОПШТИОТ ИМОТЕН ЗАКОНИК ЗА ЦРНА ГОРА ОД 1888 ГОДИНА**
АТАНАСОВСКА – ЦВЕТКОВИЌ Анета и ЈОВАНОВИЌ Александра ........................................ 30

**ПРОФИЛОТ НА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА: ДАВАТЕЛИ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ДАМОВСКИ Андон ........................................ 42

**АТХЕЗИОНО РЕШАВАЊЕ НА ИМОТНОПРАВНИ БАРАЊА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА**
ДОНЕВА Нада, ЃОРЃИЕВА Дијана и ИБИШ Ебру ........................................ 57

**АНАЛИЗА НА ПРЕДЛОГ-РЕФОРМАТА НА СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА ПОСТАПКАТА ПО ПРЕТХОДНО ОДЛУЧУВАЊЕ**
ЈОСИФОВИЌ Ивица и КАМБОВСКИ Игор ........................................ 66

**Е-ТРГОВИЈАТА ВО ПАНДЕМИЈАТА И ПО НЕА-МАКЕДОНСКИ ИСКУСТВА И СОСТОЈБИ**
КАМБОВСКИ Игор и ЈОСИФОВИЌ Ивица ........................................ 75

**ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**
МАКСИМОВА Елена и МАРОЛОВ Дејан ........................................ 81

**ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ЗА МАКЕДОНСКИОТ УСТАВЕН СУД – ПРАВНИ ПРОПУСТИ И ПРОБЛЕМИ ВО ПРАКТИКАТА**
САВЕСКИ Дејан ........................................ 95

**ДОНЕВА Нада**[1]
**ЃОРЃИЕВА Дијана**[2]
**ИБИШ Ебру**[3]

**УДК: 347.2:343.1(497.7)**

## АТХЕЗИОНО РЕШАВАЊЕ НА ИМОТНОПРАВНИ БАРАЊА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

***Апстракт:*** Во кривичната постапка освен за основниот предмет (одлучување за кривична работа) атхезионо може да се есправа и за одредени барања од граѓанскоправна природа (атхезиона парница на кривичната постапка). Ова е така затоа што во одредени ситуации е потребно правосудниот систем да дејствува како единствена целина и покрај фактот што постојат посебни судски постапки за правораздавање (кривична, граѓанска).

Во рамки на кривичната постапка може да се расправаат три споредни предмети од граѓанскоправна природа, и тоа: имотноправни барања, прејудициелни прашања и трошоци на постапката.

Предмет на анализа на овој труд е позитивното решение на македонското казнено процесно право во врска со можноста за решавање на некои имотноправни барања во кривичната постапка. Цел на трудот е давање на предлози за подобрување на актуелното законско решение de lege ferenda.

***Клучни зборови:*** имотноправно барање, кривична постапка, атхезиона постапка, надомест на штета, овластен предлагач, парнично право.

**DONEVA Nada**[4]
**GJORGJIEVA Dijana**[5]
**IBIS Ebru**[6]

## ANCILLARY ADJUDICATION OF CIVIL CLAIMS FOR COMPENSATION IN CRIMINAL PROCEEDINGS

***Abstract:*** In the criminal procedure, apart from the basic case (decision on a criminal case), ancillary adjudication can also be tried for certain demands of a civil - legal nature (adhesion litigation of the criminal procedure). In certain situations, the justice system must act as a single entity even though there are separate judicial procedures for administering justice (criminal, civil).

Within the framework of the criminal procedure, one can argue three secondary cases of a civil - law nature, namely, civil claims for compensation, prejudicial questions, and costs of the procedure.

The subject of analysis of this paper is the positive solution of the Macedonian criminal procedural law regarding the possibility of solving some civil claims for compensation in the

---

[1] Доцент по Казнено право, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, е - меил: nada.doneva@ugd.edu.mk.
[2] Доцент по Граѓанско право, Меѓународен Универзитет ВИЗИОН во Гостивар, е - меил: dijana.gjorgieva@vizyon.edu.mk
[3] Доцент по Казнено право, Меѓународен Универзитет ВИЗИОН во Гостивар, е - меил: ebru.ibis@vizyon.edu.mk.
[4] Assistant Professor in Criminal Law, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, e - mail: nada.doneva@ugd.edu.mk.
[5] Assistant Professor in Civil Law, International VISION University, Gostivar, e - mail: dijana.gjorgieva@vizyon.edu.mk.
[6] Assistant Professor in Criminal Law, International VISION University, Gostivar, e - mail: ebru.ibis@vizyon.edu.mk.

criminal procedure. The paper aims to provide suggestions for improving the current legal solution de lege ferenda.

***Key words:*** civil claim for compensation, criminal procedure, ancillary proceedings, compensation, authorized proposer, civil law.

**Вовед**

Кривичната и граѓанската постапка во специјализираниот научен процесуализам и согласно судската практика, се две посебни постапки за правораздавање. Ова е така затоа што овие две постапки имаат различен предмет на постапување и одлучување.[7] Сепак, законската посебност на кривичната и граѓанската постапка per se не значи дека правосудниот систем не може да дејствува како целина. Напротив, во одредени ситуации начелата на процесна економија и правна сигурност дури и налагаат правосудниот систем да дејствува како единствена целина. Ова е последица на фактот што ист настан во стварноста може да произведе различни правни дејствија[8], па, одовде истовремено може да биде предмет на расправање и на кривичната и на граѓанската постапка. Во вакви ситуации, согласно начелото на процесна економија, разумно е да биде дозволено во кривичната постапка да се интерполира парнична постапка, односно во кривичната постапка да може да се одлучува и за одредени имотноправни барања за кои редовно се расправа и одлучува во парнична постапка. Од друга страна, со истовременото одлучување за казненото дело и за имотноправното барање кое произлегува од тоа дело, се избегнува и двојно судење. Со самото ова консеквентно се избегнува и утврдување на исти факти од повеќе судови, односно двократно ангажирање на правосудниот апарат на државата, но и донесување на различни судски одлуки во врска со исто правно прашање. Неможноста да се донесат различни судски одлуки (кои потенцијално може да бидат контрадикторни!) за ист правен настан, од друга страна, ја зајакнува и правната сигурност.

Начелата на целисходност на постапката, процесна економија и правна сигурност ја нагласуваат потребата во кривичната постапка да може атхезионо да се решаваат одредени имотноправни барања. Сепак, тие не создаваат обврска за тоа. Ова затоа што атхезионото решавање на одредено имотноправно барање понекогаш може да биде во судир со некои други квалитети на барањето за правна заштита во кривичната постапка. Во контекст на ова, начелото на процесна економија во кривичната постапка мора да биде добро избалансирано со заштитата на правата на оштетениот.[9] Тој своето имотноправно побарување многу побрзо и поедноставно ќе го оствари во кривичната постапка, а неговите трошоци ќе бидат далеку помали. Имено, доколку атхезионото решавање на конкретно имотноправно барање го загрозува остварувањето на целта на кривичната постапка да испорача одлука за главната кривична работа навремено, во таква ситуација, кривичниот суд има дискреционо право да одлучи за имотноправното барање да се одлучува во парнична постапка. Одовде, со атхезионото решавање на имотноправното барање треба да се оствари не само процесна економија во работата на судовите, туку и брза и ефикасна заштита на субјективните граѓански права на оштетениот повредени со казненото дело.

## 1. Атхезионо решавање на имотноправни барања во македонското законодавство

[7] Јаневски, А.; Зороска - Камиловска, Т. (2012). *Граѓанско процесно право, Парнично право*. Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први". 27 - 28.

[8] На пример, доколку лицето X нанесе телесна повреда на лицето Y, тогаш лицето X не само што извршило казнено дело, туку истовремено може и граѓанскоправно да биде одговорно за настаната штета.

[9] Galiot, M; Brizić - Bahun, V. (2021) *Položaj oštećenika u adhezijskom postupku*. Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci, Vol. 42, No. 2. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci. 452.

Во кривичната постапка освен за основниот предмет, може да се одлучува и за други придружни предмети кои се различни од кривичното барање, односно споредни барања поврзани со кривичното барање. Едно од овие придружни споредни барања е и имотноправното барање. Имено, покрај санкционирањето на извршувањето на казненото дело преку казнување на неговиот сторител, се поставува и прашањето на обесштетување на оштетениот со подмирување на неговото имотноправно барање, бидејќи покрај интересот што оштетениот го има за казнување на сторителот на казненото дело, тој има интерес и да бидат решени и неговите имотни интереси повредени или загрозени со извршувањето на казненото дело.[10]

Атхезионата постапка која се води во рамки на кривичната постапка по повод имотноправно барање настанато поради извршено казнено дело, во македонското законодавство е уредена во Глава XI - Имотноправно барање на Законот за кривичната постапка, каде се регулирани предметот и постапката по повод имотноправното барање, како и останатите прашања во корелација со основното.[11] Станува збор за решение кое македонското казнено процесно право базично го има наследено од југословенското право, кое, пак, се чини најмногу било инспирирано од европскиот германски модел на атхезионо постапување и одлучување.[12]

Претходно споменавме дека при извршување на казнено дело најчесто се нанесува имотна штета, па оттука се отвораат две битни прашања: прво, казнување на извршителот на делото и второ, надомест на штета.

Постојат неколку причини кои ја оправдуваат атхезионата постапка, имено:[13]

- Оштетениот може со својата активност да придонесе за разјаснување на факти, помагајќи му на овластениот тужител во прибирање на докази, со оглед на тоа дека е заинтересиран за реализирање на своето имотноправно барање во кривичната постапка, кое зависи од тоа дали ќе биде утврдено постоењето на казнено дело и кривичната одговорност на извршителот;
- Правната квалификација за некои кривични дела зависи од висината на штетата што е направена со нив;
- Со атхезионата постапка се одбегнува да се донесат противречни одлуки доколку кривичниот и имотноправниот предмет се расправаат одделно, како, на пример, да се донесе ослободителна пресуда по кривичниот предмет, а да се усвои тужбеното барање или спротивно;
- Од аспект на процедурата, таа е поекономична, бидејќи доказите за казненото дело и кривичната одговорност се истовремено докази за постоење на штетата и за износот на имотноправното барање;
- Постапката пред кривичниот суд е побрза од парничната постапка. Оштетениот кој во сопствен интерес обезбедува остварување на имотноправното барање, истовремено обезбедува и успех на казненото гонење во општествен интерес;
- Генерална превенција на криминалитетот, бидејќи задолжувањето на сторителот на казненото дело да му ја надомести штетата што му ја предизвикал на оштетениот

---

[10] Матовски, Н.; Лажетиќ - Бужаровска, Г.; Калајџиев, Г. (2011) *Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик. 149.

[11] Во Глава XI од Законот за кривичната постапка, регулирани се: расправање на имотноправно барање и негов предмет; овластени лица за поднесување на имотноправно барање; откажување од предлогот за остварување на имотноправно барање; одлучување за имотноправно барање; предавање предмети; поништување на правна работа; измена на правосилна пресуда со која е одлучено за имотноправно барање; привремени мерки за обезбедување на имотноправно барање; враќање предмети и привремено обезбедување спрема трето лице.

[12] Во европското право се издвоиле три модели на атхезионо постапување, и тоа: француски, германски и англиски модел. За нивните специфичности повеќе кај:
Dinka, Š. (2012) *Adhezijsko rješavanje imovinskopravnog zahtjeva u kaznenom postupku*. Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci, Vol. 33, No. 2. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci. 993-995.

[13] Лажетиќ - Бужаровска, Г.; Калајџиев, Г.; Мисоски, Б.; Илиќ - Димоски, Д. (2015) *Казнено процесно право.* Скопје: УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“. 108.

заедно со изречената казна за стореното дело, ќе делува превентивно не само кај него, туку и кај сите останати сторители на кривични дела.

**2. Предмет на атхезионата постапка**

До расправање за имотноправно барање во кривичната постапка во македонското право може да дојде доколку тоа настанало поради извршување на казнено дело.[14] Постапката за остварување на имотноправно барање во кривичната постапка претставува посебен вид постапка која е придружна постапка на кривичната постапка, односно едновремено решавање на граѓанската со кривичната работа. Притоа, имотноправното барање може да се однесува на надоместок на штета (материјална и нематеријална), на враќање на предмети или на поништување на одредена правна работа.[15] Барањето може да се поднесе и кумулативно, односно со истото да се бара надомест на штета, враќање на предмети и поништување на правна работа, но во кривичната постапка не може да се поднесе предлог за имотноправно барање кое се состои во некакви други обрски (чинења) кои може да се бараат во парнична постапка.[16] Имотноправното барање, во случај на осигурување, оштетениот може да го поднесе и спрема осигурително друштво.[17]

Доколку се направи анализа на актуелното законско решение за тоа што може да биде предмет на атхезионата постапка која се води во рамки на кривичната постапка, може да се забележи дека со него таксативно се регулира што може да биде предмет на атхезионата постапка. Овде се отвора прашањето дали ова е оправдано?!

Пред да се даде одговор на ова прашање, треба да се тргне од дефинирање на поимот имотноправно барање. Во модерната граѓанска процесна теорија преовладува ставот дека имотноправно барање е секое барање кое може да се постави во спор. Одовде, имотноправното барање во кривичната постапка треба да биде еквивалентно на тужбеното барање во парнична постапка.

Доколку се тргне од оваа современа позиција на „научното право", може да се заклучи дека таксативното регулирање на предметот на атхезионата постапка е слабост на важечкиот Закон за кривична постапка. Ова е така и согласно судската пракса, затоа што на овој начин се исклучени декларторните барања како потенцијален предмет на атхезионата постапка. Декларторно барање е, на пример, барањето да се утврди ништовност на некоја одредена правна работа.[18] Исклучувањето на декларторните барања како предмет на атхезионо постапување може да има за последица во одредени ситуации да се дозволи поништување на некоја правна работа, а да не може да се бара утврдување на ништовност на правната работа, што само по себе е апсурдно. Во контекст на ова, се чини дека актуелното законско решение во поглед на предметот на атхезионата постапка треба да претрпи измени, така што можноста за поднесување на имотноправни барање ќе биде најшироко поставена. На овој начин и во казненото право концепцијата за имотноправното барање ratione materiae, ќе се приближи до actio civilis.[19]

---

[14] Во врска со ова погледнете го член 110 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010. Доколку се направи анализа на овој член, може да се забележи конектирање на имотноправното барање со извршување на казненото дело, а не и со било каква поврзаност со казненото дело (како што е ситуацијата кај прејудициелните прашања) или со водење на кривичната постапка (како што е ситуацијата со трошоците на постапката).

[15] Член 110 став 2 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.

[16] Калајџиев, Г.; Лажетиќ, Г.; Неделкова, Л.; Денковска, М.; Тромбева, М.; Витларов, Т.; Јанкуловска, П.; Кадиев, Д. (2018) *Коментар на Законот за кривичната постапка*. Скопје: ОБСЕ. 276 - 277.

[17] Член 110 став 3 од ЗКП. Ова е честа пракса кај кривичните дела од областа на сообраќајот, бидејќи често оштетените своите имотноправни барања ги поднесуваат во осигурителната компанија во која е осигурено возилото на сторителот на казненото дело.

[18] Член 177 од Закон за парничната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 79/2005. Редакциски пречистен текст.

[19] Kunštek, E. (2008) *Actio civilis u kaznenom postupku - prijedlog novele*. Vo: Decenium moztanicense. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, Biblioteka Zavoda za kaznene znanosti Mošćenice. 206.

Аргумент во насока на ова е и одредбата од став 1 на член 111 од Законот за кривичната постапка која го изедначува овластеното лице за поднесување на имотноправно барање со лицето кое може директно да поднесе тужба во парнична постапка.[20]

Конечно, таксативното регулирање на тоа што може да биде предмет на атхезионата постапка која се води во рамки на кривичната постапка, во себе крие уште една потенцијална опасност: положбата на странката која води атхезиона постапка во рамки на кривичната постапка да биде понеповолна од положбата на странката во парничната постапка, што исто така не е правно оправдано.

## 3. Предлози за унапредување на казнено процесното законодавство

### 3.1. Постапка по повод имотноправно барање

За да може да се расправа за имотноправното барање во кривичната постапка, мора да бидат исполнети три претпоставки: треба да има овластено лице за поднесување на имотноправното барање, мора да е поднесен предлог и решавањето на имотноправното барање не смее значително да ја одолжува кривичната постапка. Одовде, може да се забележи дека согласно македонското позитивно законодавство, постапката по повод имотноправното барање е условена од две позитивни и една негативна процесна претпоставка.

Како што е наведено погоре, според законското решение, овластување за поднесување на имотноправно барање во кривична постапка има лицето кое е овластено со ова право и во парнична постапка. Доколку барањето го поднесува жртва на казнено дело, во него треба да наведе дали остварила надоместок или поднела барање согласно одредбите за правата на жртвата од Законот за кривичната постапка.[21]

Ако се направи анализа на оваа законска одредба, може да се забележи дека Законот за кривичната постапка правото за поднесување на предлог не го конектира исклучиво со оштетениот. Се поставува прашањето дали ова решение на казнено процесниот законодавец е оправдано, односно дали овластено лице за поднесување на предлог е исклучиво оштетеното лице?

За да се даде одговор на ова прашање треба да се тргне од правилата на парничното право во врска со тоа кој е овластен предлагач. Во контекст на ова, актуелното законско решение се чини оправдано. Ова затоа што овластени предлагачи во парничната постапка може, на пример, да бидат и универзалните и сингуларните сукцесори или некои други лица на кои оштетениот потенцијално може да им го пренесе барањето за надомест на штета. Овие лица треба да имаат иста правна положба како и оштетениот во атхезионата постапка, бидејќи во спротивно ќе биде повредено правото на еднаква правна заштита. Таква е и одредбата која регулира дека овластено лице за поднесување на имотноправно барање не е само оштетениот, туку, во одредени случаи тоа може да биде и жртвата на казненото дело.[22]

Одовде, предлагач во кривичната постапка може да биде оштетениот, жртвата, но и друг субјект кој според правилата на Законот за парничната постапка може да поднесе тужба, односно друго лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со казненото дело.

Актуелниот Закон за кривична постапка регулира кое лице е овластено да поднесе предлог за имотноправно барање во кривична постапка, но не регулира против кого предлогот треба да биде поднесен. Иако на прв поглед изгледа дека ова е намерен пропуст на законодавецот, бидејќи per analogiam се претпоставува дека тоа е секогаш обвинетиот, сепак, се чини дека ова прашање треба да биде доуредено. Ова е така затоа што, иако е неспорно дека имотноправното барање во атхезионата постапка се поднесува само спрема

[20] Закон за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.
[21] Член 111 став 3 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.
[22] Член 111 став 2 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.

обвинетиот, останува нејасно дали во кривичната постапка може да учествува и трето лице кое е граѓанскоправно одговорно за штетата која ја предизвикал обвинетиот. Оттука, треба да се доуреди и прашањето за тоа во која мера кривичниот суд може да расправа за одговорност на штета на трето лице различно од обвинетиот.

Законот за кривичната постапка останува недоречен и во врска со тоа дали овластениот предлагач треба да има правен интерес. Ова прашање треба да биде уредено за ситуациите кога имотноправното барање е поставено во деклараторна тужба како деклараторно тужбено барање. Во продолжение на ова, Законот за кривичната постапка треба да допрецизира и дали имотноправното барање може да биде отфрлено од кривичниот суд поради недостаток на правен интерес.

Освен што мора да постои овластен предлагач, како позитивна процесна претпоставка мора да постои и предлог за да може да се води атхезионата постапка. Овластениот предлагач има право да поднесе предлог за остварување на имотноправното барање, како и да предложи мерки за негово обезбедување, во случај кога тој не може да го намири своето имотноправно барање поради тоа што обвинетиот нема никаков имот на негово име.[23]

Имотноправно барање во кривичната постапка се поднесува до органот до кој се поднесува кривичната пријава (јавниот обвинител и полицијата)[24] или до судот пред кој се води постапката, на диспозиција на оштетениот/жртвата, кој во секој момент може да се откаже од тоа право или воопшто да не истакне такво барање. Пред првостепениот суд, барањето треба да биде поднесено најдоцна до завршувањето на главната расправа.[25]

Согласно член 113 од Законот за кривичната постапка, овластените лица можат до заклучувањето на главната расправа да се откажат од предлогот за остварување на имотноправното барање во кривичната постапка и да го остваруваат во спор. Во случај на откажување од предлогот во парничната постапка, истиот не може да се поднесе повторно.

Казнено процесните законски одредби уредуваат дека овластеното лице е должно да го наведе своето барање според видот и висината и да поднесе докази, а барањето мора да биде наведено според видот, бидејќи ја заменува тужбата во парничната постапка. Доколку подносителот не е во можност конкретно да ја определи висината на барањето или во моментот на неговото поднесување не располага со потребните докази, законот треба да дозволи нивно определување/поднесување во текот на претходна постапка, осносно на главната расправа со предлог за дополнение на доказната постапка за нови околности што се јавиле во текот на главната расправа.[26] Притоа, ако овластеното лице не поднесе имотноправно барање во кривичната постапка до поднесување на обвинението, ќе се извести дека тој предлог може да го поднесе до заклучување на главната расправа.[27]

Соодветна анализа на одредбите од Законот за кривичната постапка кои се однесуваат на предлогот за расправање на имотноправното барање во кривичната постапка, ќе не упати на заклучокот дека кривичниот суд никогаш не расправа и одлучува по службена должност за имотноправното барање без предлог од овластено лице. Исто така, за кривичниот суд да расправа и да одлучува по предлогот, тој треба да е навремен и

[23] Подетално во член 118 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.
[24] Ваквата можност значи дека имотноправното барање не мора да биде насочено спрема конкретно определено лице, напротив, тоа може да се истакне уште при поднесување на кривичната пријава пред органот каде што се поднесува пријавата кога сторителот сè уште не е познат. Подетално во: Калајџиев, Г.; Лажетиќ, Г.; Неделкова, Л.; Денковска, М.; Тромбева, М.; Витларов, Т.; Јанкуловска, П.; Кадиев, Д. (2018) *Коментар на Законот за кривичната постапка*. Скопје: ОБСЕ. 279.
[25] За повеќе во: член 112 став 1 и 2 од ЗКП. Имено, доколку оштетениот не истакне имотноправно барање во текот на кривичната постапка или судот пропуштил да го упати на остварување во парнична постапка, тоа во никој случај не значи дека оштетениот го загубил правото да бара надомест на штета во граѓанска постапка со тужба.
[26] Член 394 став 1 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.
[27] Член 112 став 3 и 4 од Законот за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.

поднесен до надлежно тело во стриктно одредени временски граници на кривичната постапка. Во спротивно, иако во Законот за кривичната постапка не стои изречна одредба, предлогот за решавање на имотноправното барање во кривичната постапка ќе биде отфрлен со решение. Овластениот предлагач може да го поднесе предлогот во точно одредени временски граници, бидејќи водењето на атхезионата постапка за имотноправното барање во рамки на кривичната постапка е ограничено со правилата за литиспенденцијата и правосилноста. Според тоа, предлогот за остварување на имотноправното барање не може директно да се поднесе во редовниот или вонредниот правен лек.

### 3.2. Одлучување на судот по имотноправно барање

За да дојде до расправање за имотноправното барање во кривичната постапка, освен што треба да постои овластен предлагач и предлог, неопходно е постапувањето и решавањето на имотноправното барање да не ја одолжува кривичната постапка значително.[28] Атхезионото решавање за имотноправното барање во кривичната постапка претставува дополнително оптоварување и усложнување на постапката, поради што одлучувањето за имотноправното барање во кривичната постапка во Законот е дадена како можност, а не како задолжителна обврска на судот. Притоа, доколку кривичниот суд оцени дека постапувањето и решавањето на имотноправното барање значително би можело да ја одолжи кривичната постапка, има дискреционо право да не постапува по предлогот и да го упати предлагачот на парнична постапка. „Значително“ одолжување е фактичко прашање кое зависи од секој конкретен случај; со оглед дека терминот „значително одолжување“ е непрецизен и подложен на различни толкувања, заради заштита на правата на лицата кои се директно оштетени со сторувањето на казненото дело, тој треба да има што потесно толкување за да се овозможи во најголем број случаи по поднесено имотноправно барање да се одлучи во текот на кривичната постапка.[29] Ова е сосема оправдано, бидејќи целта на атхезионото постапување не е само процесна економија во работата на судовите, туку и брза и ефикасна заштита на субјективните граѓански права на оштетениот повредени со казнено дело. Во контекст на ова, Законот за кривичната постапка ѝ остава на судската практика да одреди дали дошло до значително одолжување на постапката за секој конкретен случај посебно.

Доколку се исполнети процесните претпоставки за атхезионо решавање на имотноправното барање во рамки на кривичната постапка, атхезионото постапување на кривичниот суд е специфично, бидејќи се реализира согласно одредбите за текот на постапката на Законот за кривичната постапка, а не согласно одредбите за текот на постапката од Законот за парничната постапка. Ова е особено битно при изведувањето и оценката на доказите. Дека ова е така, упатува став 2 член 114 од Законот за кривичната постапка.[30]

Доколку кривичниот суд одлучи да расправа и решава по имотноправното барање, тогаш може да донесе една од следниве одлуки: со осудителната пресуда да го усвои имотноправното барање во целост, со осудителната пресуда да го усвои само делумно имотноправното барање, а за останатиот дел да упати на парница или да го упати предлагачот барањето во целост да го оствари во парница. Аналогно на ова законско

[28] Јаневски, А.; Зороска - Камиловска, Т. (2012). *Граѓанско процесно право, Парнично право*. Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. 28.

[29] Калајџиев, Г.; Лажетиќ, Г.; Неделкова, Л.; Денковска, М.; Тромбева, М.; Витларов, Т.; Јанкуловска, П.; Кадиев, Д. (2018) *Коментар на Законот за кривичната постапка*. Скопје: ОБСЕ. 275 - 276.

[30] Според член 114 став 2 од ЗКП, со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот одлучува целосно за имотноправното барање или делумно, а за преостанатиот износ на имотноправното барање го упатува оштетениот да го остварува во спор. Доколку доказите во кривичната постапка не даваат доволна основа за целосно или делумно пресудување на имотноправното барање, а за нивно дополнително обезбедување постои опасност од неоправдано одолжување на кривичната постапка, судот ќе го упати оштетениот имотноправното барање да го остварува во спор.

решение, судот не може да донесе одлука со која го одбива имотноправното барање. Овде треба да се напомене дека кривичниот суд во осудителната пресуда не може да одлучи само за основот на имотноправното барање, а за неговата висина да го упати предлагачот на парница. Ваква меѓупресуда не е дозволена, бидејќи е во спротивност со начелото на процесна економија. Во кривичната постапка не е дозволен ни приговор за компензација, бидејќи кривичниот суд не е овластен во текот на кривичната постапка да утврдува постоење на побарување.

Со оглед на фактот дека кривичниот суд, ценејќи ги околностите на конкретниот случај има дискреционо право да одлучи дали ќе постапува или не по имотноправното барање истакнато во предлогот, се чини дека во овој дел Законот за кривичната постапка треба да биде дополнет. Ќе биде корисно да биде одреден рок во кој судот треба да донесе одлука дали ќе дозволи или не расправање и одлучување по предлогот, во насока на обезбедување на правната сигурност на странките во постапката, како и завршување на истата во разумен рок. Со цел соодветно и недвосмислено конципирање на одредбите за одлучувањето на судот по имотноправно барање, законодавецот треба да воведе новини врз основа на кои ќе го задолжи кривичниот суд да ја образложи својата одлука по предлогот за остварување на имотноправното побарување и да предвиде можност за поведување на жалбена постапка по однос на истата.

**Заклучни согледувања**

Македонското казнено процесно право дозволува атхезионо решавање на одредени барања од имотноправна природа во кривичната постапка. Станува збор за законско решение кое го следи германскиот модел за атхезионо постапување.

Доколку се направи анализа на актуелното законско решение во однос на проучената проблематика, може да се изведе заклучок дека тоа е недоречено во врска со одредени прашања за атхезионото постапување на кривичниот суд кога расправа за имотноправни барања. Одовде, се чини оправдано е de lege ferenda актуелното решение да биде надополнето.

Измените и дополнувањата првенствено треба да се однесуваат на делот каде таксативно се регулира што може да биде предмет на атхезионата постапка, на начин што ќе го приближи сегашниот модел кон actio civilis. Ова ќе значи и дополнување на законските одредби за правниот интерес на овластениот предлагач, како и за можноста и границите во кои против трето лице во кривичната постапка може да се поднесе имотноправно барање.

Актуелното законско решение треба да биде дополнето и со одредба која ќе го уреди рокот во кој судот треба да ја донесе својата одлука по однос на имотноправниот предлог во кривичната постапка. Аналогно на ова, кривичниот суд треба да биде обврзан својата одлука по предлогот да ја образложи, а соодветно на ваквото дополнување, потребно е да се уреди и можноста таа да биде обжалена.

Ваквите измени и дополнувања на казнено процесното законодавство, ќе ја конципираат атхезионата постапка на начин соодветен за посигурно обезбедување на правото на оштетениот да го намири своето имотноправно побарување во рамки на правична, фер и брза кривична постапка.

**Користена литература**

1. Galiot, M; Brizić - Bahun, V. (2021) *Položaj oštećenika u adhezijskom postupku*. Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci, Vol. 42, No. 2. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci.
2. Dinka, Š. (2012) *Adhezijsko rješavanje imovinskopravnog zahtjeva u kaznenom postupk*u. Zbornik Pravnog fakulteta Sveučilišta u Rijeci, Vol. 33, No. 2. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci.
3. Јаневски, А.; Зороска - Камиловска, Т. (2012). *Граѓанско процесно право, Парнично право*. Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

4. Калајџиев, Г.; Лажетиќ, Г.; Неделкова, Л.; Денковска, М.; Тромбева, М.; Витларов, Т.; Јанкуловска, П.; Кадиев, Д. (2018) *Коментар на Законот за кривичната постапка*. Скопје: ОБСЕ.
5. Kunštek, E. (2008) *Actio civilis u kaznenom postupku - prijedlog novele*. Vo: Decenium moztanicense. Rijeka: Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, Biblioteka Zavoda za kaznene znanosti Mošćenice.
6. Лажетиќ - Бужаровска, Г.; Калајџиев, Г.; Мисоски, Б.; Илиќ - Димоски, Д. (2015) *Казнено процесно право.* Скопје: УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“.
7. Матовски, Н.; Лажетиќ - Бужаровска, Г.; Калајџиев, Г. (2011) *Казнено процесно право, Второ изменето и дополнето издание*. Скопје: Академик.
8. Закон за кривичната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 150/2010.
9. Закон за парничната постапка. Службен весник на Република Македонија, бр. 79/2005.